Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија " број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 39 од Статутот на општина Струмица ("Службен гласник на општина Струмица" број 4/03, 2/06,15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18 и 16/19), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**О д л у к а**
**за организирање јавна анкета за одобрување на Урбанистички план за село Добрејци, Општина Струмица**

**Член 1**

Се организира јавна анкета за одобрување на Урбанистички план за село Добрејци, Општина Струмица со површина од 101.20Ха

Планскиот опфат го опфаќа селото Добрејци, Општина Струмица,на подрачјето на КО Добрејци.

**Член 2**

Одлуката за организирање јавна анкета ќе биде објавена на огласната табла на Општина Струмица, во Секторот за урбанизам и комунални работи , на ВЕБ страницата на Општина Струмица – е-урбанизам, во Службен гласник на општина Струмица и во две јавни гласила.

**Член 3**

Јавната анкета ќе трае од 04.10.2019 год. до 18.10.2019 год.

**Член 4**

Урбанистичкиот план за село Добрејци, Општина Струмица ќе биде изложен во просториите на ООУ "Сандо Масев", подрачно училиште во Добрејци.

**Член 5**

Заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок на анкетни листови ќе можат да ги дадат своите забелешки.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во"Службен гласник на општина Струмица".

Бр.09-7227/2
30.09.2019 год
С т р у м и ц а

Општина Струмица
Градоначалник
Коста Јаневски

Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16, 64/18 и 168/18) и член 39 од Статутот на општина Струмица ("Службен гласник на општина Струмица" број број 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18 и 16/19), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**О д л у к а**
**за организирање јавна презентација за одобрување на Урбанистички план за село Добрејци, Општина Струмица**

**Член 1**

Се организира јавна презентација за одобрување на Урбанистички план за село Добрејци, Општина Струмица со површина од 101.20Ха

Планскиот опфат го опфаќа селото Добрејци, Општина Струмица, на подрачјето на КО Добрејци.

**Член 2**

Одлуката за организирање на јавната презентација ќе биде објавена на огласната табла на Општина Струмица, во Секторот за урбанизам и комунални работи , на ВЕБ страницата на Општина Струмица – е-урбанизам, во Службен гласник на општина Струмица и во две јавни гласила.

**Член 3**

Јавната презентација ќе се одржи на ден 09.10.2019 година во 12:00 часот во просториите на ООУ "Сандо Масев", подрачно училиште во Добрејци.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Струмица".

Бр.09-7227/3
30.09.2019 год
С т р у м и ц а

Општина Струмица
Градоначалник
Коста Јаневски

Врз основа на член 35  од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16,64/18 и 168/18) и член 39 од Статутот на општина Струмица ("Службен гласник на општина Струмица" број број 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10,1/15, 8/18 и 16/19), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**Р е ш е н и е**
**за формирање на Комисија за спроведување на**
**јавна анкета и јавна презентација**

1. Се формира  Комисија за спроведување на јавна анкета и јавна презентација  за одобрување на Урбанистички план за село Добрејци, Општина Струмица со површина од 101.20Ха

во состав

- Софија Ристова - Раководител на Одделението за урбанизам
- Александра Едровска - претставник на изготвувачот на планот;
- Лилјана Иванова - дипломиран архитект,  надворешен член.

2. Се задолжува Комисијата да ја спроведе јавната анкета од 04.10.2019 год. до 18.10.2019 год., а јавната презентација на ден 09.10.2019 година во 12:00 часот во просториите на ООУ "Сандо Масев", подрачно училиште во Добрејци.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на општина Струмица".

Бр.09-7227/4
30.09.2019 год
С т р у м и ц а

Општина Струмица
Градоначалник
Коста Јаневски